Друштво за трговија и услуги
АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

| ПРИМЕНО: | 11.01.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 05 | 0507-005 | | |

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0304-96/1
10.01.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки по Оглас 20/2018

### I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија - Скопје, ул. Водњанска бр.17, Скопје - Р.Македонија застапуван од Директор Д-р. Иван Барбов од една страна, и

**2.ДТУ АПОЛО-Ратко ДООЕЛ**, адреса **ул. Никола Парапунов бр.27/3-5, Скопје** со ЕМБС **5317258** застапуван(о) од Управител **Ратко Стоилков**, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

### II.ДЕФИНИЦИИ

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"- е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"- е носител на набавката - домашно или странско правни или физичко лице.

### III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор за јавна набавка се **стоки за набавка на**

**ТОНЕРИ ЗА ПЕЧАТАРИ**

По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и пприфатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

### IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помегу договорните страни е на Македонски јазик.

### V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

**ЗА ДЕЛ-1- HEWLETT PACKARD**

Вкупната цена на стоките изнесува 44.000.00 денари без ДДВ, ДДВ е 7.920.00 денари, вкупна цена со ДДВ е **51.920.00** денари.
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

**ЗА ДЕЛ-2- SAMSUNG**

Вкупната цена на стоките изнесувa 10.700.00 денари без ДДВ, ДДВ е 1.926.00 денари, вкупна цена со ДДВ е **12.626.00** денари.
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот..

**ЗА ДЕЛ-6- PANASONIC**

Вкупната цена на стоките изнесува 3.700.00 денари без ДДВ, ДДВ е 666.00 денари, вкупна цена со ДДВ е **4.366.00** денари.

**Вкупна вредност на договорот за Дел-1, Дел-2, Дел-6 со ДДВ: 68.912.00 денари.**

### VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот се склучува за период од една година. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

### VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 6

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка,по требувања од клиниката, да го има на лагер постојано